**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр. 08-81**
**28.02.2023 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 20 став 1 алинеја 10[1], а во врска со член 76 став 7 и член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и член 9 од Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси, арх.бр.01-5778/1 од 21.11.2014 година („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14), во врска со поднесеното Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на регионално ниво (Уп1 бр.08-339 од 07.11.2022 година, со дополнувања од 21.12.2022 година и од 25.01.2023 година), од страна на правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје и Заклучокот арх.бр.02-857/3 од 27.02.2023 година, на 8-та седница одржана на 27.02.2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво

1. СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво, зона на распределба D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво Скопје (град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), на правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7523602.

Телевизискиот програмски сервис од став 1 на оваа точка ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

2. Дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години.

3. По приемот на оваа Одлука за доделување на дозвола, правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар во Централен Регистар на Република Северна Македонија (РСМ).

4. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

5. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од правното лице Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 1.05.2023 година.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во став 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

6. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) согласно член 76 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), доделува дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за која не се распишува јавен конкурс и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна на начин и постапка утврдени со напред цитираниот Закон.

Правното лице Друштвото за производство туризам промет и услуги (ДПТПУ) ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје на 07.11.2022 г. до Агенцијата поднесе Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс Уп1 бр.08-339, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво D1 Црн Врв/Скопје, кој ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

По приемот на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-339 од 07.11.2022 г., Стручната служба на Агенцијата пристапи кон разгледување на истото при што констатираше дека поднесеното барање не е уредно пополнето и содржи одредени недостатоци. За наведеното, Агенцијата согласно член 76 став 6 од истиот Закон, на 24.11.2022 г., со допис-Известување, Уп1 бр.08-339 од 24.11.2022 г., го извести подносителот на барањето - правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје и го задолжи во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Известувањето, да го дополни предметното барање и да ги отстрани констатираните недостатоци. Подносителот на барањето, во зададениот рок од страна на Агенцијата, односно на 21.12.2022 г. достави Одговор (Уп1 бр.08-339) на Известувањето од Агенцијата (Уп1 бр.08-339 од 24.11.2022 г.) со кој го дополни Барањето за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување (Уп1 бр.08-339 од 07.11.2022 г.) Откако го разгледа дополнувањето Стручната служба на Агенцијата констатираше дека истото повторно има одредени недостатоци кои треба да се отстранат, во врска со кои на подносителот на барањето му беше доставен Допис-Известување Уп1 бр.08-339 од 10.01.2023 г., да ги отстрани недостатоците и повторно го задолжи во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Известувањето, да го дополни Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс (Уп1 бр.08-339 од 07.11.2022 г. со дополнување од 21.12.2022 г.). На 25.01.2023 г., подносителот на барањето, правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје до Агенцијата, повторно достави дополнување на Барањето Уп1 бр.08-339, за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување. По неговото разгледување се утврди дека истото е уредно и целосно.

Агенцијата, заради правилно утврдување на фактите при донесување на одлуката за доделување на дозвола за телевизиско емитување, односно за да се утврди на кои трговски друштва се јавува како основач/сопственик правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, како и основачот на ова правно лице (кое истовремено е и управител), на 06.02.2023 г. преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“ за ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје и за физичкото лице Петар Каревски, а од Регистарот на вистински сопственици обезбеди и „Тековна состојба за физичко лице – вистински

сопственик“ (наш Уп1 бр.08-339 од 07.02.2023 г.), од која може да се види на кои субјекти ова лице се јавува како вистински сопственик, при што беше констатирано дека не се прекршуваат одредбите од Глава IV од ЗАВМУ.

По разгледување на поднесеното Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на регионално ниво (Уп1 бр.08-339 од 07.11.2022 година, со дополнувања од 21.12.2022 година и од 25.01.2023 година), а согласно член 76 став 7 од ЗАВМУ, се утврди дека предметниот барател ги исполнува условите и обврските утврдени со ЗАВМУ и прописите донесени врз основа на овој Закон, како и тоа дека на барателот правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, не му била одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните 5 (пет) години.

Согласно член 76 став 7 од ЗАВМУ, Агенцијата ќе донесе одлука за доделување на дозволата во рок од три месеци од денот на приемот на уредното барање, доколку утврди дека барателот ги исполнува условите и обврските утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на него и доколку на барателот не му била одземена дозволата за телевизиско или радио емитување.

Следствено на наведеното, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-81 од 24.02.2023 г. за донесување на Одлука за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво.

По приемот на оваа Одлука за доделување на дозвола, правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар во Централен регистар на РСМ. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметувањето, фактурирањето и наплатата на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување по барање преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс ги утврдува Агенцијата согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 г. Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 1.05.2023 г., а доколку имателот на дозволата не започне со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата, Агенцијата согласно член 82 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата на 8-та седница, одржана на 27.02.2023 г., а согласно Заклучокот арх.бр.02-857/3 од 27.02.2023 г., донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука Барателот за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа, доколку е незадоволен од одлуката, може да поднесе тужба до надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје;
- управителот на правното лице ДПТПУ ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје;
- Директорот на Агенцијата,
- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за правни работи и јавни набавки, и
- Назначените лица за водење на Уписникот (Уп1).